СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 48. седница**
**26.5.2021 година**
**Точка на дневен ред бр. 5-2**

# ОДЛУКА

**за усвојување на финансиските извештаи
на Стопанска банка а.д. Битола за 2020 година
ревидирани од Друштвото за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје
и на Мислењето од Надзорниот одбор за извештаите на независниот
ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи
на Стопанска банка а.д. Битола за 2020 година**

**Битола, 2021 година**

Врз основа на член 45 од Статут на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст), СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата 48. редовна седница одржана на ден 26.5.2021 година, донесе

# ОДЛУКА

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВААТ финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2020 година составени од Билансот на состојба на ден 31.12.2020 година и Билансот на успех, Извештајот за сеопфатната добивка, Извештајот за промените на капиталот, Извештајот за паричните текови за годината завршена на 31.12.2020 година и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија и финансиските извештаи подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, ревидирани од страна на Друштвото за ревизија „Мур Стивенс" ДОО Скопје.

СЕ УСВОЈУВА Мислењето на Надзорниот одбор за извештаите на независниот ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2020 година.

**Член 2**

Усвоените финансиски извештаи на Стопанска Банка а.д. Битола за 2020 година, ревидирани од страна на Друштвото за ревизија „Мур Стивенс" ДОО Скопје според регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија и според Меѓународните стандарди за финансиско известување и на Мислењето на извештаите од Надзорниот одбор на Банката, се составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр. 02-8767/1/II-5-2
Битола, 26.5.2021 година

Стопанска банка а.д. Битола
Собрание на акционери
Претседавач